РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-278/4
02.09.2024 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

| Примено: 11 09 24 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 0801 | 652/1 | | |

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/19), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе:

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) по „Машинско инженерство", на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) по „Машинско инженерство", на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добивање на Решението за акредитација бр. 08-42/4 од 26.03.2024 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип се обрати со барање бр. 0809-344/2 од 15.04.2024 година до Агенција за квалитет во високото образование, под наш бр08-278/1 од 16.04.2024 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) по „Машинско инженерство", на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-278/2 од 12.08.2024 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 21.08.2024 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-278/3од 26.08.2024 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) по „Машинско инженерство", на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, се исполнети условите, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение, може да се заведе управен спор со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДИРЕКТОР/DREJTOR,**
**Dr. Rasim Zuferi**

Доставено до:
- Високообразовната установа;
- Архивата на АКВО
изработил: Милена Ефремовскаа
одобрил: Севгил Муртези